Врз основа на член 14 став 4 од Законот за еднакви можности на жените и мажите на РМ („Службен весник на РМ " бр.6/12, 27/13, 46/15, 125/15 и 114/17) и Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2023 („Службен гласник на Општина Битола" бр. 16/22 од 30.12.2022 Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за поддршка на проекти и програмски активности на граѓански организации и фондации со вклучена компонента од областа на еднаквите можности

Предмет на Јавниот повик е прибирање понуди за финансиска поддршка на проекти и програмски активности на здруженија на граѓани, фондации, кои ќе значат и подобрување во областа на еднаквите можности на жените и мажите.
Проектите и програмските активности ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Општина Битола за 2023 година согласно Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2023 година како и критериумите дадени во овој Јавен повик.

**I. Опис на Програмата и проектите кои ќе бидат поддржани:**
Во рамките на овој Јавен повик, проектите кои ќе бидат финансиски поддржани од страна на општина Битола се однесуваат на активностите предвидени во Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2023 година (достапна на www.bitola.gov.mk)* итоа: економското јакнење на жената, еднакви можности на жените и мажите во образованието, еднакви можности во областа на социјалната заштита итн.

**II. Основни критериуми**
Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат апликантите се:

- да се регистрирани според Централниот регистар на РСМ
- да имаат седиште во Општина Битола
- да приложат аргументи за реализирани активности и проекти од јавен интерес

**III. Посебни критериуми за оценување**
Оценувањето на пристигнатите предлози за проекти ќе го врши Комисијата за финансии и буџет во Советот на општина Битола, врз основа на следните посебни критериуми за оценување:

- Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа и општествената одговорност). **30**.

- Опис на акција/проект (цели, резултати, активности, пристап). **30**.

- Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост). **20**.

- Буџет (активности кои се соодветно изразени во буџетот и оправданост на трошоците). **20**.

(*) За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови.

**IV. Временската рамка и користење на средства**
Начинот на користење на средствата за 2023 година за спроведување на проектите ќе биде уредена со договор помеѓу апликантот и Општина Битола најдоцна до декември 2023 год.

**V. Поднесок на апликации**
Апликантите имаат право да поднесат само една апликација за финансиска поддршка.
Повеќе субјекти може да аплицираат заеднички со само еден предлог проект, при што образецот за пријавување го поднесува носителот на проектот.

**VI. Задолжителна документација за аплицирање**

- Пополнет образец за пријавување потпишан и заверен со печат од овластено лице (достапен на веб страната на општина Битола www.bitola.gov.mk).
- Тековна состојба од Централен регистар на РСМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци за апликантот/ носителот на проектот.
- Извештај за добиени средства од Буџетот на општина Битола за 2022 год. (наративен и финансиски извештај)
- Статут на Организацијата

**НАПОМЕНА: Пријавите кои нема да содржат комплетна документација нема да бидат разгледувани**

**VII. Рок и начин на доставување на пријавите**
Документацијата се доставува во архива или по пошта на адреса:
Општина Битола, Булевар „1-ви Мај" бр.61; (со назнака - Пријава за јавен повик за здруженија на граѓани - Комисија за финанасии и буџет во Советот на општина Битола) во рок од 15 дена од денот на објавување на овој повик заклучно со **15 март 2023.**
Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката на **Комисијата за финанасии и буџет во Советот на општина Битола.**

**Напомена: Пријавите без комплетна приложена документација или доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.**

Бр. 41-79/1
28.02.2023 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски